| | програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна финансиска поддршка. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од советот на општина Карпош и два члена од администрацијата на општината). |
| Стратешки насоки и цели: | Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни спортисти и рекреативци од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Промовирање и потпомагање на спортисти и спортски настани од Општина Карпош. |
| Целна група: | Сите спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност на подрачјето на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 700.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |

III . Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка износот од 3.720.000,00 денари, не се менува и останува ист.

Вкупна предвидена финансиска рамка: 3.720.000,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 3.720.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2022 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

Број: 09-439/11
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

1. Се објавува Решението за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/9
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1,точка 7, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002); а во врска со Глава 2,- Проектни активности, точка 4 – Парична помош за лица/семејства во социјален ризик („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

1. Советот на Општина Карпош, од своите редови именува и верификува членови на Советот, за членови во Комисијата за доделување на еднократна парична помош (сосотавена од 7 члена, од кои 4 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 3 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:
   - Добрила Андоновска
   - Владимир Бислимовски
   - Адријана Јакимовска Панчевска
   - Ивана Стоименовска

2. Се овластува Градоначаникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за доделување еднократна парична помош, за претседател на Комисијата да ја именува Добрила Андоновска.

3. Составот на Комисијата да се верификува со решение донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/12
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

1. Се објавува Одлуката за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/10**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош во областа детската, социјалната и здравствената заштита за 2021 година во Точка 2. Одбележување на 3-ти Декември Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти“, сподели среќа“ („Службен гласник на Општина Карпош“ 23/2021), а во врска со Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември-Денот на лицата со попреченост бр.09-8033/36 од 13.12.2021 година, донесена на седница на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.22/2021), Советот на Општина Карпош на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година донесе

ОДЛУКА

**за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, бр. 09-8033/36 од 13.12.2021 година, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, на начин што одобрените средства во бруто износ до вкупно 550.000,00 денари, исплатени се вкупно 543.333,00 (со пресметан песонален данок), на 163 лица во поединечен износ од по 3.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/13
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за објавување на оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлуката за објавување на оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/11**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА

**за објавување на оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година**

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош во учебната 2021/22 година.

### Член 2

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

### Член 3

Постапката за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2021/2022 година да ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од кој тројца од Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпоши двајца од општинската администрација.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош и општинската администрација на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Марин Докузовски, член на Советот на Општина Карпош,
- Славко Митевски, член на Советот на Општина Карпош,
- Марјан Стефановски,член на Советот на Општина Карпош,
- Патрик Поповски, од општинската администрација на Општина Карпош и
- Ивица Јаковлевски, од општинската администрација на Општина Карпош

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат талентирани спортисти кои се жители на Општина Карпош, редовни ученици во VIII и IX одделение во учебната 2021/2022 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Потврда дека живее во Општина Карпош,
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2021/2022 година во општинскoе основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,
- Копија од спортска легитимација од клубот во кој членува,
- Биографија на спортистот,
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 годинаи и од 01.01.2022 до 31.01.2022 година.

**Член 6**

Спортистот е потребно да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати добиени од националните спортски федерации за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 и од

01.01.2022 до 31.01.2022 година и да се во согласност со календарот на натпревари на матичните национални федерации.
Бодувањето на апликациите ќе се врши согласно следните критериуми за доделување на стипендии на талентирани спортисти:

- Државно првенство, освоено индивидуално I место (1 бод),
- Државно првенство освоено индивидуално II место (0,5 бода);
- Награда за индивидуалани постигнувања на државно првенство (3 бода),
- Балканско првенство од I до II место (4 и 3 бода) и
- Репрезентативец на Македонија, да има минимум настапувано на еден натпревар и да се наведат кога, каде и со кој противник бил тОЈ натпревар (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот) (3 бода).

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од националните и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.500,00 денари месечно за четри месеци во текот на учебната година.
Во зависност од приложените спортски успеси на талентираните ученици рангирањето и финансиската поддршка ќе се додели како:

1. За освоени до два ипол бода (2,50), висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари,
2. За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2021/2022 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на

финансиска поддршка за спортски стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/14
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за номинирање и верификација на членови во Комисија за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година**

1. Се објавува Решение за номинирање и верификација на членови во Комисија за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/12**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година, Глава II Проектни активности, точка 3. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, точка 5. Финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието и точка 6. Поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021) Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за номинирање и верификација на членови во Комисија за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги именува и верификува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година, врз основа на точките: 3. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, точка 5. Финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието и точка 6. Поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари.

Комисијата да биде составена од 5 члена од кои три (3) претставници од Советот на Општина Карпош и два (2) члена вработени во администрацијата во Општина Карпош.

Членови од Советот на Општина Карпош:

- Гордана Ивановски Велковска
- Роберт Вељановски
- Ивана Стоименовска

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош и тоа:

- Анета Марковска Илиевска
- Сања Ваневска

3. Составот на Комисијата да се верификува со Решение од Градоначалник.

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование, на понатамошно постапување.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број: 09-439/15
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување на јавен оглас за финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/13**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 5. Финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА

**за давање согласност за објавување на јавен оглас за финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на јавен оглас за финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието над 30.000,00 (триесет илјади) денари (социо-емоционална поддршка на учениците, иновативни методи и техники во настава, спорт во образованието, култура во образованието, инклузивни пристапи во образованието, професионална ориентација на учениците) физички и правни лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици и наставници од Општина Карпош за 2022 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката  за доделување на финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година да ја спроведе Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година.

Комисијата да биде составена од пет члена, три члена од Советот на Општина Карпош и два члена од администрацијата на Општина Карпош.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Роберт Вељановски, член на Советот на Општина Карпош,
- Гордана Ивановски Велковска, член на Советот на Општина Карпош,
- Ивана Стоименовска, член на Советот на Општина Карпош,

За членови од администрацијата на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Анета Марковска Илиевска
- Сања Ваневска

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заитересирани физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование (од областа на животната средина, социо-емоционална поддршка на учениците, иновативни методи и техники во настава, спорт во образованието, култура во образованието, инклузивни пристапи во образованието, професионална ориентација на учениците, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во Општината и пошироко).

Потребно е во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата. Финансиската проекција на проектите да биде во согласност со начинот на реализација на наставата во основните општински училишпта и почитување на протоколите на наставата.

**Член 6**

Критериуми за доделување на на финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022:

- Проектот да е од посебен интерес за учениците/граѓаните на Општина Карпош
- Проектот да предвидува вклучување на наставниците стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош
- Краток опис на активностите од предходниот период

Домашни и меѓународни настапи и организирање на манифестации од областа на образованието
- Постигнати успеси од претходниот период

Заинтересираните физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и правни лица кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:
Физички лица:
- Лична карта, во фотокопија
- Изработен проект
- Финансиски план на проектот

Правни лица:
- Изработен проект
- Финансиски план на проектот
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци

**Член 7**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година во вкупен износ од 200.000,оо денари.

**Член 8**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 5 од оваа Одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиан најдоцна до 31.12.2022 година.

**Член 9**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и правни лица, регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование (во областа на животната средина,

социоемоционална поддршка на учениците, иновативни методи и техники во настава, спорт во образованието, култура во образованието, инклузивни пристапи во образованието, професионална ориентација на учениците) за 2022 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да

достави до Советот на Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка и парична помош на реализираните предметните проекти.

**Член 10**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 11**

Се задолжуваат сите физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и правни лица, чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија и договор за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на образованието за 2022 година, откако ќе им се исплати финансиската поддршка до Општина Карпош да достават детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 12**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во јавниот оглас.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број: 09-439/16
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за давање согласност за објавување јавен оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување јавен оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/14**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3.Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА

**за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за 2021/2022 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за 2021/2022 година да ја спроведе Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година.

Комисијата да биде составена од пет члена, три члена од Советот на Општина Карпош и два члена од администрацијата на Општина Карпош.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Роберт Вељановски, член на Советот на Општина Карпош,
- Гордана Ивановски Велковска, член на Советот на Општина Карпош,
- Ивана Стоименовска, член на Советот на Општина Карпош,

За членови од администрацијата на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Анета Марковска Илиевска
- Сања Ваневска

**Член 5**

За пријавување на јавниот оглас заинтересираните кандидати потребно е да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се жители на општина Карпош,
- Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од територија на општина Карпош и
- Да оствариле континуиран успех во текот на школувањето од VI до VIII, односно IX одделение од најмалку 4.5.

**Член 6**

Ученикот е потребно да има освоено I,II или III место од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до VIII, односно IX одделение:

- I, II или III место на општински натпревари (3 бода, 2 бода, 1 бод),
- I, II или III место на градски (регионални) натпревари (6 бода, 5 бода, 4 бода),
- I, II или III место на државни натпревари (9 бода, 8 бода, 7 бода),
- I, II или III место на меѓународни натпревари (12 бода, 11 бода, 10 бода)
- Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I, II или III место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од МОН,
- Освоените места од групни натпревари нема да бидат бодувани.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.500,00 денари месечно, за четири месеци, во учебната 2021/2022 година.

- За освоени, од 9 до 12 бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари,
- За освоени над 13 бода висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија по објавени огласи (спорт,образование, култура и др.) од Општина Карпош. Доколу некој кандидат ги исполни условите за добивање на повеќе од една стипенција, ќе биде известен од службите на Општината и по сопствен избор, со потпишување на Изјава, ќе се одлучи за една од стипендиите.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 4 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за 2021/2022 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош Предлог-Одлука за доделување на финансиска поддршка за стипендии на талентирани ученици од Општинските основни училишта на територија на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број: 09-439/17
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**

1. Се објавува Решението за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/15**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Глава 2 - Проектни активности, точка 4 – Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација

1. Советот на Општина Карпош, од своите редови именува и верификува членови на Советот, за членови во Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација (составена од 5 члена, од кои 3 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа :
- Марин Докузовски, член на Советот на Општина Карпош,
- Славко Митевски, член на Советот на Општина Карпош,
- Марјан Стефановски,член на Советот на Општина Карпош,
- Патрик Поповски, од општинската администрација на Општина Карпош и
- Ивица Јаковлевски, од општинската администрација на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за доделување еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација, за претседател на Комисијата да го именува Марин Докузовски.

3. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/18
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за културни активности**

1. Се објавува Решението за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за културни активности, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/16
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Глава 2 - Проектни активности, точка 2 – Еднократна финансиска поддршка за културни активности од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување и верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за културни активности**

1. Советот на Општина Карпош, од своите редови именува и верификува членови на Советот, за членови во Комисијата за доделување на еднократна финансиска поддршка за културни активности (составена од 5 члена, од кои 3 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа :

- Христо Саракинов-член на Советот на Општина Карпош
- Зоран Краљевски-член на Советот на Општина Карпош
- Гордна Ивановски Велковска-член на Советот на Општина
- Патрик Поповски-вработен во администрацијата на Општина Карпош
- Тања Милошева-вработена во администрацијата на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош при изготвување на Решението за формирање Комисија за доделување еднократна финансиска поддршка за културни активности, за претседател на Комисијата да го именува Христо Саракинов.

3. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/19
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука одобрување финансиски средства за реализација на проект од областа на културата на МКУД „Цветан Димов”**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за реализација на проект од областа на културата на МКУД „Цветан Димов”, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/17
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со дел II, Проектни активности, точка 4. МКУД Цветан Димов за 2022 година од Програмата на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021), Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## одобрување финансиски средства за реализација на проект од областа на културата на МКУД „Цветан Димов"

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува предлог проектот на МКУД „Цветан Димов", со која се одобруваат финансиски средства за реализација на проект од областа на културата, а во врска со дел II, Проектни активности, точка 4. МКУД Цветан Димов, во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Културата за 2022 година. („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021).

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 300.000,00 денари.

### Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Културата за 2022 година.

### Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со МКУД Цветан Димов.

**Член 5**

Се задолжува барателот МКУД „Цветан Димов“ до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура испорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/20
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за давање согласност за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/18**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3. Финансиска поддрша за проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 23/2021), Советот на Општина Карпош, четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2022 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош, за кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од кои три члена од Советот на Општина Карпош и два члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

За членови во Комисијата се именуваат:

- Христо Саракинов - член на Советот на Општина Карпош,
- Зоран Краљевски - член на Советот на Општина Карпош,
- Гордана Ивановски Велковска - член на Советот на Општина Карпош,
- Патрик Поповски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош и
- Тања Милошева - член вработена во општинската администрација на Општина Карпош.

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Јавниот оглас се однесува за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор и музичко-сценска дејности, ликовно-уметничка изложбена дејност и глума.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

Физички лица

- Лична карта, во фотокопија,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот

Правни лица

- Организациона поставеност,
- Изработен проект,
- финансиски план на проектот,
- документ за вршење дејност од областа на културата со седиште на подрачјето на Општина Карпош или
- тековна состојба издадена од централен регистар не постара од 6 (шест) месеци.

**Член 5**

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- домашни и меѓународни настапи,
- потврда за организирање на културни манифестации
- постигнати успеси во последната година.

**Член 6**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година, во висина од 400.000,00 денари.
Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**Член 7**

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства наведени во член 6 од оваа одлука, но со услов одобрените проекти да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2022 година

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Капош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на културата за 2022 година, до Општина Карпош да доставаат детални финансиски извештаи,

потврди или финансиски сметки, согласно приложениот финансиски план на проекти при аплицирањето на огласот.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/21
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З. (М.З.) Влае**

1. Се објавува Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З. (М.З.) Влае, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/19**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019), а во врска со Договорот за закуп на деловен простор бр. 03-45/1 од 05.01.2021 година и Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З. (М.З.) Влае бр.09-8585/28 од 29.12.2021 година, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З. (М.З.) Влае

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ја става вон сила Одлуката за давање согласнот за закуп на деловен простор - Заедничка просторија, мезанин бр. 2 кој се наоѓа на Југо Западната страна во Мезанинот на колективниот станбен објект на бул. „Партизански одреди“ бр. 153 со вкупна површина од с.с.а. 56.05 $м^2$.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се преименува од 01.03.2022 година, од кога престанува да важи Договорот за закуп на деловен простор во У.З. (М.З.) Влае.

Број: 09-439/22
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул. „Партизански одреди“ бр. 153**

1. Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул. „Партизански одреди“ бр. 153, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/20**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), врз основа на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во УЗ Влае донесена на третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 декември 2021 година и Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар-закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за ставање вон сила на Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул. „Партизански одреди“ бр. 153

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ја става вон сила Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул. „Партизански одреди“ бр. 153, донесена на третата седница на Советот на Општина Карпош.

### Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.03.2022 година, од кога престанува да важи Договорот за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – Закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153.

**Број: 09-439/23**
**Датум:31.01.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр. 6/1/2, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр. 6/1/2, Општина Карпош – Скопје, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/21
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019), а во врска со Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“ бр.6/1/2, Општина Карпош-Скопје, бр.09-8585/30 од 29.12.2021 година, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022година, донесе

ОДЛУКА

**за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр. 6/1/2, Општина Карпош – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ја става вон сила Одлуката за давање согласнот за закуп на деловен простор сопственост на Закуподавачот, кој се наоѓа во Скопје на ул. „Воденска“ бр. 6/1/2, опишан во Имотен лист бр. 13481 за КО Карпош и тоа:

- на КП 747 дел 0 зграда 1; намена на зграда и други објекти-намена на зграда при конверзија на податоците од стариот електричен систем – ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО; влез 001; кат ПР; бр. 002; во површина од 17м$^2$ право преземено при конверзија на податоците од стариот електричен систем 831.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се преименува од 01.02.2022 година, од кога престанува да важи Договорот за закуп на деловен простор на улица Воденска бр.6/1/2, бр.09-8585/30 од 29.12.2021 година.

**Број: 09-439/24**
**Датум:31.01.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/22
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 11, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Советот на Општина Карпош на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година донесе

РЕШЕНИЕ

**за разрешување, именување и верификација на членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Со ова решение се разрешуваат членовите на управен одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ (двајца претставници од основачот), предложени и именувани/верификувани од Советот на Општина Карпош, поради истек на мандат:

- Дијана Симјановска и
- Виктор Исјановски.

2. За членови во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, (двајца претставници од основачот), Општина Карпош-Скопје-Советот на Општина Карпош ги предлага, именува/верификува:

- Дијана Симјановска и
- Александра Решкова

3. Се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ (еден претставник од Градот Скопје), предложен од Советот на Град Скопје, а именуван/верификуван од Советот на Општина Карпош поради истек на мандатот:

- Васко Филев

4. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ (еден претставник од Градот Скопје), предложен од Советот на Град Скопје со Одлука бр.27-517/12 од 20.01.2022 година, Советот на Општина Карпош го именува/верификува:

- Никола Попов

5. Се разрешува членот во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ (еден претставник од установата), предложен од установата ЈУОДГ „Мајски Цвет“, поради истек на мандатот:

- Елизабета Ристоска

6. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ (еден претставник од установата), предложен од установата ЈУОДГ „Мајски Цвет“, Советот на Општина Карпош го именува/верификува:

- Фросина Ангелова – педагог

7. Се разрешуваат членовите во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, (двајца претставници од родителите на децата), предложени од Советот на родители на установата ЈУОДГ „Мајски Цвет“, поради истек на мандатот по основ да бидат членови:

- Наташа Симеонова
- Огнен Ѓорѓиевски

8. За членови во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, (двајца претставници од родителите на децата), предложени од Советот на родители на установата ЈУОДГ „Мајски Цвет“, Советот на Општина Карпош го именува/верификува:

- Александар Митов
- Евица Силјановска

9. Се разрешува членот во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, (еден претставник од министерство), предложени од Министерство за труд и социјална политика на РСМ, поради истек на мандатот:
- Ѓорѓи Стојановски

10. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, (еден претставник од министерство), предложен од Министерство за труд и социјална политика, Советот на Општина Карпош го именува/верификува:

- Андријана Андреевска Стојановска

11. Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/25
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, кое беше разгледувано и гласано од Советот на Општина Карпош на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/23
Датум: 01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената 23та предлог-точка на дневниот ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решение за рарешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
**за не усвојување на Предлог-Решението за разешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 23 точка од усвоениот Дневен ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решение за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА не гласал ниту еден од членовите на Советот, ПРОТИВ не гласал ниту еден од членовите на Советот и 22 членови на Советот биле ВОЗДРЖАНИ, врз основа на што не е усвоено Предлог-Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје.

ПОЈАСНУВАЊЕ:
Предлог-Решението не беше усвоено од причина што општинското основно училиште „Аврам Писевски“ до Советот на Општина Карпош не ја достави целосната потребна документација, што претставува основ за одлучување.

Поименично гласање:

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС |
|---|---|---|---|
| ЗОРАН КРАЉЕВСКИ (ГРОМ) | **Отсут** | ГОРДАНА ИВАНОВСКИ ВЕЛКОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДОБРИЛА АНДОНОВСКА (ГРОМ) | ВОЗДР | НАТАЛИЈА СПИРОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| РОБЕРТ ВЕЉАНОВСКИ (ВМРО коал.) | | ЈАХЈИ МЕМЕДОВ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| МАРЈАН СТЕФАНОВСКИ (ВМРО коал.) | ВОЗДР | ВЛАДИМИР БИСЛИМОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АДРИЈАНА ЈАКИМОВСКА ПАНЧЕВСКА (ВМРО коал.) | ВОЗДР | АЛЕКСАНДРА АНТЕВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АЛЕКСАНДАР ИЛИЕСКИ (ВМРО коал.) | ВОЗДР | ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| ДАВОР ГРЧЕ (ВМРО коал.) | ВОЗДР | МАРТИН ДИМОСКИ (ЛЕВИЦА) | ВОЗДР |
| БЛАГИЦА ЦВЕТАНОВСКА (ВМРО коал.) | ВОЗДР | БРАНКО РИСТОВ (ЛЕВИЦА) | ВОЗДР |
| ХРИСТО САРАКИНОВ (ВМРО коал.) | ВОЗДР | ИВАНА СТОИМЕНОВСКА (ЛЕВИЦА) | ВОЗДР |
| МАРИН ДОКУЗОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР | СЛАВКО МИТЕВСКИ (ЛЕВИЦА) | ВОЗДР |
| ВИОЛЕТА КУНОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР | НЕВЕНА ГЕОРГИЕВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ВОЗДР |
| | | ТАТЈАНА СТОЈАНОВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ВОЗДР |

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/26
Датум: 31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош-Скопје, донесено на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/24**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-6268/1 од 06.09.2021 година, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешува претставникот предложени од Советот на родители на ООУ„Јан Амос Коменски“, а именуван/верификуван од основачот Општина Карпош, од член на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“-Скопје, поради завршување на основното образвание на дете на членот и тоа:

- Славка Петковска

2. За член на училишниот одбор предложени од Советот на родители на ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје, се именува/верификува:

- Тони Куноски

3. Се разрешуваат претставниците предложени од Наставничкиот совет на ООУ„Јан Амос Коменски“, а именувани/верификувани од основачот Општина Карпош, од членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“-Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани:

- Одделенски наставник Живка Појчевска
- Предметен наставник Александра Николовска

4. За членови на училишниот одбор предложени од Наставничкиот совет на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје, се именуваат/верификуваат:

- Психолог Елизабета Ивановиќ
- Предметен наставник Жарко Благојевиќ

5. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/27
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за прифаќање донација - бесплатен производ од АЛКАЛОИД АД Скопје**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање донација - бесплатен производ од АЛКАЛОИД АД Скопје, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/25
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Барање за одобрување донација бесплатен производ бр.52-272/1 од 17.01.2022 година, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање донација - бесплатен производ од АЛКАЛОИД АД Скопје

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на приматeл на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.52-272/1 од 17.01.2022 година од АЛКАЛОИД АД Скопје:

- Донација на 2167 (две илјади сто шеесет и седум) производи Бекутан КИДС ВИТС-МУЛТИВИТАМИНИ сирупи од АЛКАЛОИД АД Скопје наменети за деца на возраст над една година, од градинките на територија на Општина Карпош
- Секое пакетче е со вредност од 160,00 денари без вклучен ДДВ
- Вкупната донација ќе биде 346.720,00 денари без вклучен ДДВ.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Предмет-цел на оваа одлука, дефиниран во член 1 на истата е унапредување и грижа на нормалниот детски раст и развој на децата на возраст над една година во градинките на територијата на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/28
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
за објавување Одлука за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги Индивиа Дооел Скопје

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги Индивиа Дооел Скопје, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-664/26
Датум:01.02.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Барање за донација бр.09-197/1 од 12.01.2022 година, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на донација од Друштво за трговија и услуги Индивиа Дооел Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.09-197/1 од 12.1.2022 година од Друштво за трговија и услуги Индивиа Дооел Скопје во:

- Донација на 100 дози орален спреј Indivia Sun D3 400 iu Kid, наменет за секојдневна поддршка на имунитетот во зимските денови
  Единечната вредност на секој орален спреј е 990 денари со вклучен ДДВ, односно вкупно 99 000 денари
- Донација на 50 дози сируп Indivia GoRespiro 100ml , составен од билки и витамин А, наменет за превенција од први симптоми на настинка, вируси и грип
  Единечна цена на сирупот е 300 денари со вклучен ДДВ, односно вкупно 15 000 денари
- Донација на 50 дози сируп Индивиа Синустронг 100мл, составен од билки наменет за ублажување на првите симптоми при синусни воспаленија
  Единечна вредност на сирупот 340денари со вклучен ДДВ, односно вкупно 17 000 денари
- Вкупната вредност на донација изнесува 131.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предметот-целта на оваа одлука е остварување на јавен интерес, донирање/примање донација во субелементи за најмалите , како превентивна мерка со цел да се заштити личното здравје на дечињата кои се од социјално ранливите категории, деца на самохрани родители, како и спречување на актуелната пандемија и превенција од ширење на Ковид 19.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/29
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст)**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст), кое беше разгледувано и гласано од Советот на Општина Карпош на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/27**
**Датум: 01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената 27ма предлог-точка на Дневниот ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје (пречистен текст), Претседателот на Советот на Општина Карпош, донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
**за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст)**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 27ма точка од усвоениот Дневен ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст), НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 8 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 5 членови на Советот, 9 членови на Советот биле ВОЗДРЖАНИ, еден член на Советот бил отсутен, врз основа на што не е усвоено Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст).

ПОЈАСНУВАЊЕ:
Членовите на Советот кои не го поддржаа предложеното Решение при одлучувањето не дадоа формално-правни забелешки на измените на Статутот и не дадоа појаснување за причината поради која не го подржале предметното решение.

Поименично гласање:

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС |
|---|---|---|---|
| ЗОРАН КРАЉЕВСКИ (ГРОМ) | Отсут | ГОРДАНА ИВАНОВСКИ ВЕЛКОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДОБРИЛА АНДОНОВСКА (ГРОМ) | ЗА | НАТАЛИЈА СПИРОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| РОБЕРТ ВЕЉАНОВСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ЈАХЈИ МЕМЕДОВ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| МАРЈАН СТЕФАНОВСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ВЛАДИМИР БИСЛИМОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АДРИЈАНА ЈАКИМОВСКА ПАНЧЕВСКА (ВМРО коал.) | ЗА | АЛЕКСАНДРА АНТЕВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АЛЕКСАНДАР ИЛИЕСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| ДАВОР ГРЧЕ (ВМРО коал.) | ЗА | МАРТИН ДИМОСКИ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| БЛАГИЦА ЦВЕТАНОВСКА (ВМРО коал.) | ЗА | БРАНКО РИСТОВ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| ХРИСТО САРАКИНОВ (ВМРО коал.) | ЗА | ИВАНА СТОИМЕНОВСКА (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| МАРИН ДОКУЗОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР | СЛАВКО МИТЕВСКИ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| ВИОЛЕТА КУНОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР | НЕВЕНА ГЕОРГИЕВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ПРОТ |
| | | ТАТЈАНА СТОЈАНОВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ВОЗДР |

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/30
Датум: 31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, кое беше разгледувано и гласано од Советот на Општина Карпош на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/28**
**Датум: 01.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената 28ма предлог-точка на дневниот ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 28ма точка од усвоениот Дневен ред за работа на четвртата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 7 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 4 членови на Советот, 10 членови на Советот биле ВОЗДРЖАНИ, двајца членови на Советот биле отсутни, врз основа на што не е усвоено Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“- Скопје.

ПОЈАСНУВАЊЕ:
Членовите на Советот кои не го поддржаа предложеното Решение, при одлучувањето не дадоа формално-правни забелешки на предметниот Статут и не дадоа појаснување за причината поради која не го подржале предметното решение.

Поименично гласање:

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ГЛАС |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗОРАН КРАЉЕВСКИ (ГРОМ) | Отсут | ГОРДАНА ИВАНОВСКИ ВЕЛКОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| ДОБРИЛА АНДОНОВСКА (ГРОМ) | Отсут | НАТАЛИЈА СПИРОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| РОБЕРТ ВЕЉАНОВСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ЈАХЈИ МЕМЕДОВ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| МАРЈАН СТЕФАНОВСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ВЛАДИМИР БИСЛИМОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АДРИЈАНА ЈАКИМОВСКА ПАНЧЕВСКА (ВМРО коал.) | ЗА | АЛЕКСАНДРА АНТЕВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| АЛЕКСАНДАР ИЛИЕСКИ (ВМРО коал.) | ЗА | ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР |
| ДАВОР ГРЧЕ (ВМРО коал.) | ЗА | МАРТИН ДИМОСКИ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| БЛАГИЦА ЦВЕТАНОВСКА (ВМРО коал.) | ЗА | БРАНКО РИСТОВ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| ХРИСТО САРАКИНОВ (ВМРО коал.) | ЗА | ИВАНА СТОИМЕНОВСКА (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| МАРИН ДОКУЗОВСКИ (СДСМ коал.) | ВОЗДР | СЛАВКО МИТЕВСКИ (ЛЕВИЦА) | ПРОТ |
| ВИОЛЕТА КУНОВСКА (СДСМ коал.) | ВОЗДР | НЕВЕНА ГЕОРГИЕВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ВОЗДР |
| | | ТАТЈАНА СТОЈАНОВСКА (НЕЗАВИСНИ) | ВОЗДР |

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-439/31
Датум: 31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Карпош за доставување барања до Министерство за внатрешни работи и до Град Скопје за нови сообраќајни решенија во У.З.Карпош 4, Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општина Карпош за доставување барања до Министерство за внатрешни работи и до Град Скопје за нови сообраќајни решенија во У.З.Карпош 4, Општина Карпош Скопје, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/29**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), а врз основа на предлогот доставен на четвртата седница на Советот на Општина Карпош од членот на Советот Виолета Куновска, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за овластување на Градоначалникот на Општина Карпош за доставување барање до Министерство за внатрешни работи преку Град Скопје за нови сообраќајни решенија во У.З.Карпош 4, Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да се обрати писмено до Град Скопје со барање Градот Скопје да достави до Министерството за внатрешни работи барање за поставување на светлосен уред за регулирање на сообраќајот на пешачкиот премин на бул.„Партизански одреди“ бр.80 (пред ТЦ „Антико“), а во согласност со Законот за безбедност во сообраќајот.

**Член 2**

Со оваа Одлука се овластува градоначалникот на Општина Карпош да се обрати писмено до Град Скопје со барање Градот Скопје да достави до Министерството за внатрешни работи барање за поместување на автобуската постојка на ул.„Љубљанска“, со цел оддалечување од обележаниот пешачки премин, а во согласност со Законот за безбедност во сообраќајот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службениот гласник на Општина Карпош.

Број: 09-439/32
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за давање согласност за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош кои се реализираат со помош на средства за електронска комуникација на Фејсбук/Јутуб каналите на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош кои се реализираат со помош на средства за електронска комуникација на Фејсбук/Јутуб каналите на Општина Карпош, Општина Карпош Скопје, донесена на четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-664/30**
**Датум:01.02.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), во врска со член 153 и член 154 од Деловникот за работа на Советот („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), а врз основа на предлогот доставен на четвртата седница на Советот на Општина Карпош од членот на Советот Невена Георгиевска, Советот на Општина Карпош, на четвртата седница, одржана на 31 јануари 2022 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање согласност за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош кои се реализираат со помош на средства за електронска комуникација на Фејсбук/Јутуб каналите на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за пренесување во живо (streaming) на седниците на Советот на Општина Карпош кои се реализираат со помош на средствата за електронска комуникација на Фејсбук/Јутуб каналите на Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжуваат надлежните сектори во Општина Карпош до следната седница да го овозможат преносот во живо.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службениот гласник на Општина Карпош.

Број: 09-439/33
Датум:31.01.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за евидентирање на Советнички прашања поставени на 4тата седница на Советот на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;
2. Заклучок за усвојување на Кварталиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, со Заклучок за објавување;
3. Одлука за отпис на основни средства за 2021 година, со Заклучок за објавување;
4. Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Оштина Карпош, со Заклучок за објавување;
5. Одлука за давање согласност за утврдување како приоритетна инвестиција под-проектот „Реконструкција на линиски објект – реконструкција на улица „Бледски Договор“ Општина Карпош, Скопје, изработен од Прима Инженеринг ДОО Скопје, со Заклучок за објавување;
6. Одлука за давање согласност за потпишување Договор за соработка за поддршка на Проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки“ во Република Северна Македонија за календарска 2022 година, со Заклучок за објавување;
7. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година, со Заклучок за објавување;
8. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2022 година, со Заклучок за објавување;
9. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2022 година, со Заклучок за објавување;
10. Одлука за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, со Заклучок за објавување;
11. Одлука за објавување на оглас за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, со Заклучок за објавување;

12. Решение за номинирање/верификација на членови во Комисија за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2022 година, со Заклучок за објавување;
13. Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за Финансиска поддршка и парична помош од областа на образованието за 2022 година, со Заклучок за објавување;
14. Одлука за давање согласност за објавување на јавен оглас за доделување стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2021/2022 година, со Заклучок за објавување;
15. Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за доделување на еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација за 2022 година, со Заклучок за објавување;
16. Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за доделување на еднократна финансиска поддршка за културни активности за 2022 година, со Заклучок за објавување;
17. Одлука одобрување финансиски средства за реализација на проект од областа на Културата на „МКУД Цветан Димов”, со Заклучок за објавување;
18. Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2022 година, со Заклучок за објавување;
19. Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З.Влае, со Заклучок за објавување;
20. Одлука за ставање вон сила на Одлуката за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153, со Заклучок за објавување;
21. Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр.6/1/2 ,Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување;
22. Решение за разрешување и именување членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување;
23. Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување;
24. Решение за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување;

25. Одлука за прифаќање на донација бесплатен производ од АЛКАЛОИД АД Скопје, со Заклучок за објавување;
26. Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги Индивиа Дооел Скопје, со Заклучок за објавување;
27. Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-градинка Пиколини Скопје – (пречистен текст) , со Заклучок за објавување;
28. Службена белешка за не усвојување на Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, со Заклучок за објавување;
29. Предлог-Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Карпош за доставување барања до Министерство за внатрешни работи и до Град Скопје за нови сообраќајни решенија во У.З.Карпош 4, Општина Карпош Скопје, со Заклучок за објавување и
30. Предлог-Одлука за давање согласност за пренесување во живо на седниците на Советот на Општина Карпош кои се реализираат со помош на средсва за електронска комуникација, на Фејсбук и/или Јутјуб каналите на Општина Карпош, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи

Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци